# „Делете го наследството според пропишаните удели на неговите сопственици, а она што ќе остане – нека му припадне на најблискиот машки роднина.“

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Делете го наследството според пропишаните удели на неговите сопственици, а она што ќе остане – нека му припадне на најблискиот машки роднина.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им наредува на оние што го делат наследството да го распределат на праведен и шеријатски начин, согласно со она што Аллах го пропишал. Сопствениците на одредени удели (ехлул-фараид) треба да ги добијат своите делови утврдени во Куранот: две третини, една третина, една шестина, половина, една четвртина и една осмина – зависно од случајот. А она што ќе остане по поделбата на овие удели, им се доделува на најблиските машки роднини на покојникот, кои во шеријатската терминологија се нарекуваат „асабе.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee